Врз основа на член 36 став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 14, став 1, точка 41 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 7/06), а во согласност со член 143 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на РМ“ бр. 36/04), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на ден 17.11.2009 година, донесе

# О Д Л У К А

## За формирање на Комисија за процена и утврдување на висината на штетата од природни непогоди во Општина Крива Паланка

Член 1

Се формира Комисија за процена и утврдување на висината на штетата од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи во Општина Крива Паланка, во состав:

За претседател и членови на комисијата се именуваат:

- За претседател – Александар Ангелов, дипл.градежен инжинер-вработен во Општина Крива Паланка.

За членови:

- Коста Пеевски, дипл.градежен инжинер - вработен во Општина Крива Паланка;
- Славчо Станковск и, дипл.земјоделски инжинер - вработен во ПЕ на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство - Крива Паланка; и
- Зоки Павловски, вработен во Подрачното одделение на дирекција за заштита и спасување – Крива Паланка; и
- Добри Јовановски, раковидител на Сектор за водовод и канализација во ЈП „Комуналец“ – Крива Паланка.

Член 2

Комисијата има за задача да изврши евиденција, процена и утврдување на висината на штетата према видот, обемот и висината на штетата изразена во натура и вредносни показатели според подрачјето, дејноста, имотот, сопственоста, времето и причината за настанувањето на штетата.

Освен утврдувањето на штетата според критериумите од став 1 на овој член Комисијата го утврдува и извршуа обемот и висината на осигурувањето според општите и посебните правила на осигурувањето кои се одбива од вкупно утврдената штета.

Член 3

Утврдувањето на височината на штетата започнува веднаш по настанување на непогодата и завршува најдоцна за 30 дена од престанокот на непогодата.

Член 4

Комисијата за својата работа е должна да изготви Извештај за штетата, кој извештај Општина Крива Паланка со мислење од Министерството за финансии ќе го достави до Влада на Република Македонија.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.07-3930/3**
**17.11.2009 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за формирање на Комисија за процена и утврдување на височината на штетата од природни непогоди во Општина Крива Паланка**

1. Се прогласува Одлуката за формирање на Комисијата за процена и утврдување на височината на штетата од природни непогоди во Општина Крива Паланка, што Советот ја донесе на 8-та седница, одржана на 17.11.2009 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 3930/4**
**19.11.2009 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав. Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

## С О Д Р Ж И Н А

1. Одлука за формирање Комисија за процена и утврдување на висината на штетата од природни непогоди во Општината Крива Паланка ........................................................ 156

2. Заклучок за профласување на Одлуката за формирање за Процена и утврдување на висината на штетата од природни непогоди во Општината Крива Паланка ................. 157

---